Член 12

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Член 13

Работните деновите кога се изведуваат ученичките екскурзии, Денот на дрвото/ Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Член 14

Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој календар престанува да важи Календарот за организација на учебната 2009/2010 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/09).

Член 16

Овој календар влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 септември 2010 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 11-2914/1 | Министер за образование |
| 17 август 2010 година | и наука, |
| Скопје | **Никола Тодоров**, с.р. |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**2206.**

Врз основа на член 39 став 6 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ, ФОРМАТА И ПОБЛИСКАТА СОДРЖИНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ*

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување.

Член 2

Базата на податоци за пакување и отпад од пакување се воспоставува и води врз основа на податоците и извештаите добиени согласно член 27 и 28 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Освен податоците од став 1 од овој член како дополнителни податоци за пакувањата и за отпадот од пакувања кои можат да се водат, доколку се располага со нив се:

(а) податоци за производството, увозот и за извозот на празните пакувања;

(б) податоци за пакувањата што можат повторно да се употребат;

(в) посебните поделементи на пакувањата, како што се композитните пакувања;

(г) нивоата на концентрација на тешки метали присутни во пакувањата во смисла на членот 11 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување и присуството на штетни и други опасни супстанции и материјали во смисла на член 10 став 3 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување и

(д) отпадот од пакувања за кој се смета дека е опасен поради контаминацијата со состојки на производот согласно прописте за отпад и опасен отпад.

Член 3

Податоците собрани врз основа на член 2 од овој правилник секоја календарска година за предходната година се обработуваат и валидизираат во Информативен систем за пакување и отпад од пакување.

Составен дел на Информативниот систем за пакување и отпад од пакување се и описите за начините на собирање на податоците и користените процени за формирање на базата на податоци и Информативниот систем за пакување и отпад од пакување.

Податоците од член 2 од овој правилник се објавуваат и на WEB – страна на Министерството за животната средина и просторно планирање.

Формата и поблиската содржината на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Податоците од член 2 од овој правилник се доставуваат електронски до Европската Комисијата.

Член 5

Одредбите од член 4 од овој правилник ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-4739/5 | Министер за животна средина |
| 4 август 2010 година | и просторно планирање, |
| Скопје | д-р **Нецати Јакупи,** с.р. |

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Одлука на Комисијата од 22 март 2005 година со која се утврдуваат форматите поврзани со системот за базата на податоци во согласност со Директивата 94/62/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за пакување и отпад од пакување(32005D0270)

## Прилог

Количини на отпад од пакување создадено во Република Македонија и преработен односно обновено или согорено во печки за согорување за обновување на енергија, во рамките на во Република Македонија или надвор од неа ( количините се изразени во тони)

| материјал | | отпад создаден од пакувања | Обновен отпад или отпад изгорен во постројките за горење отпад со обновување на енергијата преку: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рециклирање на материјалот | други облици на рециклирање | вкупно рециклирање | обновување на енергијата | други облици на обновување | горење во постројки за горење отпад со обновување на енергијата | вкупно обновување и горење во постројки за горење отпад со обновување на енергијата |
| | | (а) | (б) | (в) | (г) | (д) | (ѓ) | (е) | (ж) |
| стакло | | | | | | | | | |
| пластика | | | | | | | | | |
| хартија и картон | | | | | | | | | |
| метал | алуминиум | | | | | | | | |
| | челик | | | | | | | | |
| | вкупно | | | | | | | | |
| дрво | | | | | | | | | |
| друго | | | | | | | | | |
| вкупно | | | | | | | | | |

Забелешки:

1. Бели полиња: Обезбедувањето на податоци е задолжително.Може да се користат пресметки доколку се темелат на емпириски податоци и треба да се даде опис на користената методологија;
2. Светло осенчени полиња:Обезбедувањето на податоци е задолжително, и може да се прифатат со приближни пресметки.
3. Темно осенчени полиња:обезбедувањето податоци е на доброволна основа;
4. За целите на овај Правилник, податоците за рециклирани количини пластика треба да ги вклучат сите материјали рециклирани и вратени во пластики;
5. Колоната (в) ги вклучува сите форми на рециклирање вклучително органско рециклирање, но со исклучок на рециклирање на материјалот;
6. Колоната (г) треба да биде збир од колоните (б) и (в);
7. Колоната (ѓ) ги вклучува сите форми на обновување со исклучок на рециклирањето и обновување на енергија;
8. Колоната (ж) треба да биде збир од колоните (г), (д), (ѓ), и (е);
9. Процентот на обновување или согорување во печки за согорување на отпад со обнова на енергијата согласно член 35 став 1точка а од Законот за управување со пакување и отпад од пакување(во понатамошниот текст:законот) се добива со поделба на податоците од колона (ж) со податоците од колона(а);
10. Степен на рециклирање согласно член 35 став 1точка б и в од законот се добива со поделба на податоците од колона (г) со податоците од колона (а);
11. Податоците за дрво не треба да се користат при евалуирање на целите од минимум 15% за секој материјал за пакување , согласно член 35 став 1точка в од законот .